Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12 и 87/13), министерот за здравство донесе

# У П А Т С Т В О

## ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ПРИ ФОТОФТАЛМИЈА

### Член 1

Со ова упатство за практикување на медицината, заснована на докази се пропишува медицинското згрижување при постоење на фотофталмија.

### Член 2

Начинот на третман на фотофталмија е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

### Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на згрижување на фотофталмија по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на згрижувањето, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

### Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-9359/2
30 ноември 2013 година
Скопје

**МИНИСТЕР**
**Никола Тодоров**
____________________

Прилог

# ФОТОФТАЛМИЈА

МЗД упатство
22.3.2011


- Основни податоци
- Причини
- Симптоми
- Клинички знаци
- Третман


## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

- Пациентите со симптоми на ултравиолетен кератоконјунктивитис (снежно слепило или Велдерово око) се третираат со антибиотска маст или со капки ако има ерозија на корнеата.
- Избегнувајте локални анестетици.

## ПРИЧИНИ

- Корнеата го апсорбира ултравиолетовото зрачење од сонцето. Колку е поголема висината, толку повеќе УВ зраци се апсорбираат, бидејќи зраците минуваат низ потенок воздух.
- Снегот одбива 85% од УВ зрачењето, зголемувајќи ја изложеноста на корнеата на зрачењето. Заварувањето, исто така, зрачи во УВ спектарот.

## СИМПТОМИ

- Солзење на окото.
- Силно чувство на туѓо тело во окото.
- Болка.
- Осетливост на светло.
- Блефароспазам.
- Латентниот период од експонирањето до првите симптоми обично е 6 до 8 часа. Симптомите исчезнуваат по 1 до 2 дена.

## КЛИНИЧКИ ЗНАЦИ

- Црвенило на конјуктивата и точкесто боење на корнеата со флуоресцин (кератитис).
- Во посериозните случаи епителиумот на корнеата се одлепува, резултирајќи со ерозии.

## ТРЕТМАН

- Профилакса со заштитни очила кои апсорбираат УВ зрачење.
- Не препишувајте локални анестетици, бидејќи нивниот ефект е краткотраен и тие може да го одложат оздравувањето на корнеалните ерозии. Тие може да се користат во ординацијата на докторот за да го олеснат клиничкото испитување.

- Нестероидните антиинфламаторни лекови (НСАИЛ) може да ја намалат болката. На гел слични овлажнувачки масти или капки кои содржат НСАИЛ може, исто така, да се користат за локално олеснување на симптомите. Преврска на окото ја намалува болката, но тоа може да не биде практично, бидејќи обично двете очи се засегнати. Одмор со затворени очи е, исто така, добра тераписка опција.
- Ако има ерозија на корнеата, треба да се третира со антибиотска маст.

Автори: Едиторите
Претходни автори: Anna-Maija Paakkala

Article ID: ebm00811 (037.028)
© 2012 Duodecim Medical Publications Ltd

1. **EBM Guidelines, 22.3.2011, www.ebm-guidelines.com**
2. **Упатството треба да се ажурира еднаш на 5 години.**
3. **Предвидено е следно ажурирање во 2015 година.**